Generated by Foxit PDF Creator © Foxit Software
http://www.foxitsoftware.com For evaluation only.

UNIVERSITETI SHTETËROR I TETOVËS
STATE UNIVERSITY OF TETOVA - ДРЖАВЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО
SUT Rectorate - Ilinden nn, 1200 Tetovo, Macedonia
Tel: +389 44 356 500; Fax: +389 44 334 222, email: international@unite.edu.mk

*Врз основа на член 108, 109 и 110 од Законот за високото образование (Службен весник на Р.М бр. 35/2008), Ректорската управа на Државниот Универзитет во Тетово на седницата одржана на 24.02.2011,* ***Правилникот за условите и критериумите за запишување*** *на додипломските стидии на ДУТ, и Одлуката на Владата на РМ за бројот на студентите за запишување во прва година на државните високообразовни установи во учебната 2011/12 година бр.51-1396/1, Одлуката на Владата на РМ за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во РМ во прва година на државните високообразовни установи во учебната 2011/12 година бр.51-1397/1 и Одлуката на Владата на РМ за дополнување на одлуката за бројот на студентите за запишување во прва година на државните високообразовни установи во учебната 2011/12 година бр.51-2608/1 (Сл. Весник на РМ бр. 27 од 03,Март 2011 година и Сл. Весник на РМ бр. 50 од 12 Април 2011 година), Државниот универзитет во Тетово објавува:*

# К О Н К У Р С

**за запишување студенти на додипломски студии на студиските програми на Државниот Универзитет во Тетово во учебната 2011/2012 година**

**Тетово, Април 2011**

Generated by Foxit PDF Creator © Foxit Software
http://www.foxitsoftware.com For evaluation only.

**I.** На факултетите на Државниот универзитет во Тетово, во прва година во учебната 2011/12 година, **во првиот уписен рок**ќе бидат запишани:

| I | **Природно - Математички Факултет** | | Редовни на државна | Износ на компензација за семестар | Редовни со самофинан- | Износ на компензација | Вонредни | Износ на компензација | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Биологија | а) Наставна насока<br>б) Биохемија | 65 | 0/100 | 30 | 200 | / | / | 95 |
| | | Дисперзирани студии-Скопје | 40 | 50 | / | / | / | / | 40 |
| | Хемија-Физика | а) Наставна насока | 25 | 0 | / | / | / | / | 25 |
| | | Дисперзирани студии-Скопје | 40 | 50 | / | / | / | / | 40 |
| | Физика | а) Наставна насока<br>б) Професионалнанасока | 40 | 0/100 | / | / | / | / | 40 |
| | Хемија | а) Наставна насока<br>б) Професионална насока<br>в) Аналитичка биохемија | 55 | 0/100 | / | / | / | / | 55 |
| | Математика | а) Наставна насока | 40 | 0 | / | / | / | / | 40 |
| | | Дисперзирани студии-Скопје | 40 | 50 | / | / | / | / | 40 |
| | Информатика | а) Наставна насока<br>б) Професионална насока | 50 | 0/100 | 45 | 200 | / | / | 95 |
| | | Дисперзирани студии-Скопје | 40 | 50 | / | / | / | / | 40 |
| | | Дисперзирани студии-Кичево | 30 | 50 | / | / | / | / | 30 |
| | | Дисперзирани студии-Куманово | 40 | 50 | / | / | / | / | 40 |
| | Географија | а) Наставна насока<br>б) Професионална насока | 35 | 0/100 | 15 | 200 | 15 | 200 | 65 |
| **Вкупно:** | | | **540** | **50/100** | **90** | **200** | **15** | **200** | **645** |

| III | **Институт за Екологија и Технологија** | Редовни на државна квота | Износ на компензација за семестар | Редовни со самофинан-сирање | Износ на компензација за семестар | Вонредни | Износ на компензација за семестар | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Екологија | 40 | 100 | 20 | 200 | / | / | 60 |
| **Вкупно:** | | **40** | **100** | **20** | **200** | **/** | **/** | **60** |

Generated by Foxit PDF Creator © Foxit Software
http://www.foxitsoftware.com For evaluation only.

| III | Факултет за физичка култура | Редовни на државна квота | Износ на компензација за семестар | Редовни со самофинан-сирање | Износ на компензација за семестар | Вонредни | Износ на компензација за семестар | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно:** | | **40** | **100** | **20** | **200** | **20** | **200** | **80** |

| IV | Филозофски Факултет | | Редовни на државна квота | Износ на компензација за семестар (ЕУРО) | Редовни со самофинан-сирање | Износ на компензација за семестар | Вонредни | Износ на компензација за семестар (ЕУРО) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Филозофија | а) Наставна насока | 20 | 100 | 10 | 200 | 10 | 200 | 40 |
| | | б) Професионална насока | | | | | | | |
| | Социологија | а) Наставна насока | 30 | 100 | 10 | 200 | 10 | 200 | 50 |
| | | б) Професионална насока | | | | | | | |
| | Историја | а) Наставна насока | 30 | 100 | 10 | 200 | 10 | 200 | 50 |
| | | б) Професионална насока | | | | | | | |
| | Педагогија | а) Професион. педагогија | 45 | 100 | 15 | 200 | 20 | 200 | 80 |
| | | б) Одделенска настава | | | | | | | |
| | | в) Претшколска настава | | | | | | | |
| | Психологија | а) Наставна насока | 60 | 100 | 30 | 200 | / | / | 90 |
| | | б) Професионална насока | | | | | | | |
| | | Дисперзирани студии-Скопје | 40 | 50 | / | / | / | / | 40 |
| | Ориенталистика | а) Наставна | 10 | 100 | 5 | 200 | 5 | 200 | 20 |
| | | б) Научна насока | | | | | | | |
| **Вкупно:** | | | **235** | **50/100** | **80** | **200** | **55** | **200** | **370** |

| V | Филолошки Факултет | | Редовни на државна квота | Износ на компензација за | Редовни со самофинан- | Износ на компензација | Вонредни | компензација за семестар | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Албански јазик и литература | а) Наставна | 30 | 100 | 10 | 200 | 20 | 200 | 60 |
| | | б) Преведувачка | | | | | | | |
| | | в) Научна насока | | | | | | | |
| | Англиски јазик и литература | а) Наставна | 115 | 100 | 55 | 200 | 30 | 200 | 200 |
| | | б) Преведувачка | | | | | | | |
| | | в) Научна насока | | | | | | | |
| | | Дисперзирани студии-Дебар | 80 | 50 | 20 | 50 | 20 | 50 | 120 |
| | | Дисперзирани студии-Скопје | 80 | 50 | / | / | / | / | 80 |
| | | Дисперзирани студии-Кичево | 30 | 50 | / | / | / | / | 30 |
| | | Дисперзирани студии-Куманово | 40 | 50 | / | / | / | / | 40 |
| | Македонски јазик и литература | а) Наставна | 40 | 100 | 10 | 200 | 20 | 200 | 70 |
| | | б) Преведувачка | | | | | | | |
| | | в) Научна насока | | | | | | | |

Generated by Foxit PDF Creator © Foxit Software
http://www.foxitsoftware.com For evaluation only.

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Германски јазик и литература | а) Наставна<br>б) Преведувачка<br>в) Научна насока | 50 | 100 | 10 | 200 | 20 | 200 | 80 |
| | | Дисперзирани студии-Дебар | 40 | 50 | 10 | 50 | 15 | 200 | 65 |
| | | Дисперзирани студии-Скопје | 50 | 50 | / | / | / | / | 50 |
| | | Дисперзирани студии-Струга | 40 | 50 | / | / | / | / | 40 |
| | Италијански јазик и литература | а) Наставна<br>б) Преведувачка<br>в) Научна насока | 20 | 100 | 10 | 200 | 10 | 200 | 40 |
| | Француски јазик и литература | а) Наставна<br>б) Преведувачка<br>в) Научна насока | 20 | 100 | 10 | 200 | 10 | 200 | 40 |
| | | Дисперзирани студии-Дебар | 55 | 50 | 10 | 50 | 15 | 200 | 80 |
| **Вкупно:** | | | **690** | **50/100** | **145** | **50/200** | **160** | **200** | **995** |

| **VI** | **Факултет за уметности** | Редовни на државна квота | Износ на компензација за семестар (ЕУРО) | Редовни со самофинан-сирање | Износ на компензација за семестар (ЕУРО) | Вонредни | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ликовна уметност<br>Наставна насока<br>б) Сликарство<br>в) Графички дизајн<br>г) Скулптура<br>д) Графика | 15 | 100 | 10 | 200 | / | 25 |
| | Музичка уметност<br>а) Теоретско педагошка насока<br>- Теоретско педагошка<br>- Оркестарско диригирање<br>- Хорско диригирање<br>- Композиција<br>- Музикологија<br>- Етно музикологија | 15 | 100 | 5 | 200 | / | 20 |
| | б) Вокално-Инструментална насока<br>- Соло пеење<br>- Пиано<br>- Виолина<br>- Виола<br>- Виолончело<br>- Контрабас<br>- Кларинет<br>- Саксофон<br>- Обоа<br>- Гитара<br>- Флаута<br>- Фагот<br>- Труба<br>- Хорна<br>- Тромбон<br>- Туба | 15 | 100 | 5 | 200 | / | 20 |
| | Драмска уметност<br>Актерство | 20 | 100 | 10 | 200 | / | 30 |
| **Вкупно:** | | **65** | **100** | **30** | **200** | **/** | **95** |

Generated by Foxit PDF Creator © Foxit Software
http://www.foxitsoftware.com For evaluation only.

| VII | Правен факултет | Редовни на државна квота | Износ иа компензација за семестар (ЕУРО) | Редовни со самофинан-сирање | Износ иа компензација за семестар (ЕУРО) | Вонредни | Износ иа компензација за семестар (ЕУРО) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Правосудна насока | 95 | 100 | 75 | 200 | 30 | 200 | 200 |
| | Дисперзирани студии-Скопје | 100 | 50 | 50 | 50 | / | / | 150 |
| | Дисперзирани студии-Кичево | 100 | 50 | 30 | 50 | / | / | 130 |
| | Административно правна насока | 15 | 100 | 35 | 200 | 30 | 200 | 80 |
| | Меѓународно право и меѓународни односи | 70 | 100 | 45 | 200 | 30 | 200 | 145 |
| | Дисперзирани студии-Скопје | 70 | 50 | / | / | / | / | 70 |
| | Студии по новинарство | 20 | 100 | 10 | 200 | 10 | 200 | 40 |
| | Дисперзирани студии-Скопје | 30 | 50 | / | / | / | / | 30 |
| | Дисперзирани студии по политички студии-Скопје | 50 | 50 | / | / | / | / | 50 |
| **Вкупно:** | | **550** | **50/100** | **245** | **50/200** | **100** | **200** | **895** |

| VIII | Економски факултет | | Редовни на државна квота | Износ иа компензација за семестар (ЕУРО) | Редовни со самофинансирање | Износ иа компензација за семестар | Вонредни | Износ иа компензација за семестар (ЕУРО) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сметководствено-финансиска и банкарска насока | | 80 | 100 | 70 | 200 | 20 | 200 | 170 |
| | Маркетинг и менаџмент насока | | 65 | 100 | 65 | 200 | 20 | 200 | 150 |
| | Економија и бизнис насока | | 80 | 100 | 70 | 200 | 20 | 200 | 170 |
| | Дисперзирани студии-Струга | | 120 | 50 | 35 | 50 | / | / | 155 |
| | Дисперзирани студии-Скопје | | 60 | 50 | / | / | / | / | 60 |
| | Туризам | а. Општ туризам<br>б. Туристички менаџмент | 20 | 100 | 10 | 200 | 10 | 200 | 40 |
| **Вкупно:** | | | **425** | **50/100** | **250** | **50/200** | **70** | **200** | **745** |

| IX | Факултет за применети науки | | Редовни на државна квота | Износ иа компензација за семестар (ЕУРО) | Редовни со самофинан-сирање | Износ иа компензација за семестар | Вонредни | Износ иа компензација за семестар (ЕУРО) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Градежништво | Конструктивно инженерство<br>Инфраструктура и патишта | 45 | 100 | 15 | 200 | / | / | 60 |
| | Архитектура | Проектирање | 65 | 100 | 35 | 200 | / | / | 100 |
| | | Урбанизам | 50 | 100 | / | / | / | / | 50 |
| | Мекатроника | | 30 | 100 | 10 | / | / | / | 40 |
| | Економско инжинерство | | 20 | 100 | 10 | 200 | / | / | 30 |
| **Вкупно:** | | | **210** | **100** | **70** | **200** | **/** | **/** | **280** |

Generated by Foxit PDF Creator © Foxit Software
http://www.foxitsoftware.com For evaluation only.

| X | Факултет за прехранбена технологија и исхрана | Редовни на државна квота | Износ иа компензација за семестар (ЕУРО) | Редовни со самофинан-сирање | Износ иа компензација за семестар (ЕУРО) | Вонредни | Износ иа компензација за семестар (ЕУРО) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Прехрамбена технологија | 35 | 100 | 15 | 200 | / | / | 50 |
| | Исхрана | 35 | 100 | 15 | 200 | / | / | 50 |
| **Вкупно:** | | **70** | | **30** | | **/** | **/** | **100** |

| XI | Факултет за медицински науки | Редовни на државна квота | Износ иа компензација за семестар | Редовни со самофинан-сирање | Износ иа компензација за семестар | Вонредни | вонредно студирање по семестар | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Општа медицина | 30 | 100 | 40 | 200 | / | / | 70 |
| | Стоматологија | 20 | 100 | 30 | 200 | / | / | 50 |
| | Фармација | 30 | 100 | 30 | 200 | / | / | 60 |
| | а) Општо инфермиерство<br>б) Акушерство<br>в) Логопедија<br>г) Физиотерапија | 55 | 100 | 55 | 200 | 40 | 200 | 150 |
| | Физиотерапија Дисперзирани студии - Дебар | 70 | 50 | 20 | 50 | 20 | 200 | 110 |
| | **Вкупно:** | **205** | **50/100** | **175** | **50/200** | **60** | **200** | **440** |

| XII | Факултет за бизнис администрација | Редовни на државна квота | Износ иа компензација за семестар | Редовни со самофинан-сирање | Износ иа компензација за семестар | Вонредни | Износ на вонредно студирање по семестар | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бизнис администрација | 220 | 100 | 110 | 200 | / | / | 330 |
| | Дисперзирани студии-Скопје | 80 | 50 | 65 | 50 | / | / | 145 |
| | Дисперзирани студии-Кичево | 100 | 50 | 40 | 50 | / | / | 140 |
| | Јавна администрација | 15 | 100 | 5 | 200 | / | / | 20 |
| | **Вкупно:** | **415** | **50/100** | **220** | **50/200** | **/** | **/** | **635** |

| ДРЖАВЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО | Редовни на државна квота | Редовни со самофинансирање | Вонредни | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно:** | **3485** | **1375** | **480** | **5340** |

**НАПОМЕНИ:**

Се известуваат сите заинтересирани кандидати кои своето образование сакаат да го продолжат на дисперзираните студиски програми на ДУТ, дека истите ќе бидаат реализирани доколку на дисперзираните студии се пријаваат соодветен број на кандидати, помалку од 20 студенти во секоја од дисперзираните студиски програми, наставата ќе се изведува на матичните факултети на ДУТ во Тетово.

Generated by Foxit PDF Creator © Foxit Software
http://www.foxitsoftware.com For evaluation only.

## II. Услови и критериуми за запишување

1. Право на запишување на додипломски студии имаат кандидати со завршено четиригодишно средно образование, во средни училишта верифицирани со акт на Министерството за образование и наукана Р. Македонија. По исклучок, особено талентирано лице може да запише студии на факултетите од областа на уметностите иако нема завршено четиригодишно средно образование, под услов тоа да го стекне до крајот на втората година на студиите, под услови утврдени со статутот на факултетот. Доколку лицето од претходниот став не ги исполни наведените услови, го губи статусот студент на соодветниот факултет.

2. Кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата и редовни студенти со кофинансирање на студиите.
   На додипломски студии на факултетите можат да се запишуваат и вонредни студенти, доколку тоа го овозможува карактерот на студиската програма.

3. На додипломски студии на факултетите можат да се запишат и кандидати што имаат завршено високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи. Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до **10%** од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден во Конкурсот. Кандидатите од претходниот став се запишуваат според успехот од претходното образование, освен на студиските програми за кои поради специфичностите е потребна проверка на талентот. Сродноста ја утврдуваат и објавуваат факултетите. Кандидатите од оваа точка се запишуваат со кофинансирање на студиите, како и кандидатите од глава V од Конкурсот.

4. Начинот на селекција на кандидатите ќе се врши во зависност од видот на студиските програми за кои тие конкурираат, и тоа:
   а) студиски програми каде селекцијата на кандидатите ќе се врши врз основа на успехот од средното образование;

   б) студиски програми каде селекцијата ќе се врши врз основа на успехот од средното образование и со проверка на талентот на кандидатите. Тоа се однесува на студиски програми со посебни специфичности.

5. Основен критериум за селекција на кандидатите за запишување на додипломски студии е успехот постигнат во средното образование. Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени.
   а) На студиските програми каде селекцијата се врши само според успехот од средното образование, кандидатите може да освојат најмногу **100 поени**,и тоа: општиот успех по сите предмети учествува со **60%** и од успехот постигнат на **државната матура кој учествува со 40%.**

   а.1 На студиските програми на кои селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование**, бодирањето се врши на следниов начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

   а.2 Бодирањето на успехот постигнат на државната матура се врши на следниов начин: Перцентилниот ранг од екстерниот предмет кој се полага на државната матура се множи со коефициент 10. На ист начин се пресметува и Перцентилениот ранг од вториот екстерен предмет. Перцентилниот ранг од интерниот предмет кој се полага на државната матура (Прилог 1) се множи со коефициент 8. На ист начин се пресметува и Перцентилениот ранг од вториот интерен предмет. По оваа основа можат да се добијат најмногу **36 поени**. Оценката добиена на проектанта задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**. Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40 поени**.

Generated by Foxit PDF Creator © Foxit Software
http://www.foxitsoftware.com For evaluation only.

За кандидатите кои средното образование го завршиле во претходните учебни години (пред учебната 2007/08 година) и не полагале државна матура, освен пресметувањето на бодовите од точка 5.а.1, се пресметуваат и најмногу 40 поени од предметите кои се значајни за студиската програма, и тоа: збирот од оценките од двата предмета значајни за студиската програма и двата предмета кои се однесуваат на јазиците (мајчин јазик и еден странски јазик) се дели со 16 и вака добиениот среден успех, за секој предмет одделно, се множи со 8. По оваа основа може да се добијат најмногу **10 поени** за еден предмет, односно вкупно **40 поени** за четирите предмета.

б) На студиските програми со посебни специфичности селекцијата на кандидатите ќе се врши според **успехот од средното образование и со проверка на талентот на кандидатите**. Кандидатите се рангираат со собирање на бодовите добиени по двата основа.

**Пресметка на бодовите од успехот од средното образование:**

- **настудиските програми од областа на уметностите, Архитектура и Физичка култура** се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години и од матурскиот испит, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

**Пресметка на бодовите од проверката на талентот на кандидатите:**

- **настудиските програми од областа на уметностите,** студиските програми по **Архитектура и Физичка култура** вреднувањето на успехот од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се врши со бодување од **0** до **40** поени. Проверката има елиминаторен карактер. Не се рангираат кандидатите што не добиле најмалку **10** поени.

**Пресметка на бодовите од проверката на знаењата и умеењата за следна категорија** на кандидати: странски државјани и кандидатикои средното образование го завршиле во претходните учебни години (пред учебната 2007/08 година) и не полагале државна матура

- **на студиските програми по Општа медицина, Стоматологија, Фармација, Ликовна, Музичка и Драмска уметност, Архитектура и Физичка култура** вреднувањето на успехот од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се врши со бодување од **0** до **40** поени. Проверката има елиминаторен карактер. Не се рангираат кандидатите што не добиле најмалку **10** поени.

## III. Селекција на кандидатите

За следење и реализацијата на Конкурсот, Ректорската управа формира **Универзитетска конкурсна комисија**.

1. За пресметување на бодовите од постигнатиот успех од средното образование и успехот
2. постигнат на Државната или училишната матура, Ректорската управа формира ***конкурсни комисии*** за секој од факултетите одделно, а студиските програми од областа на уметности, Архитектура и Физичка култура формираат и ***комисии за проверка на талентот***.
   Универзитетската конкурсна комисија ја следи реализацијата на Конкурсот на факултетите, се грижи за доследно почитување на одредбите во Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување.
3. Рангирањето на кандидатите го вршат конкурсните комисии на одделните факултети.
4. Конкурсната комисија, на огласната табла на факултетот, ги објавува поените од средното
5. образование (среден успех), и резултатите од проверката на талентот, на студиските програми каде што таа се спроведува.
   По објавувањето на **прелиминарната ранг-листа** на кандидатите за запишување од страна на конкурсната комисија, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените

Generated by Foxit PDF Creator © Foxit Software
http://www.foxitsoftware.com For evaluation only.

резултати. Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите, и се упатува до управата на факултетот. Решението на управата по приговорот е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на факултетите. По истекот на роковите за поднесување приговори и за нивно решавање, Универзитетската конкурсна комисија на соодветниот факултет објавува решение за прием на студенти (**конечна ранг-листа**), врз основа на што се врши запишување на студенти. Кандидатите кои во предвидениот рок за упис нема да да ја достават соодветната документација, односно воопшто нема да се јаваат на службата за студентски прашања на соодветниот факултет каде што се примени, ќе се третира дека се откажуваат од приемот и нивното место повторно ќе биде објавено во дополнителниот конкурс.

5. Факултетите на кои и по завршувањето на првиот уписен рок ќе останат непополнети места, вршат запишување во втор и во трет уписен рок.

6. Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот на листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет кандидати), факултетот ги запишува сите вакви кандидати. Ако, пак, бројот на ваквите кандидати е поголем од 5, тогаш факултетите овие кандидати ги рангираа според дополнителни критериуми: соодветноста на изработената проектанта задача при полагањето на државната матура, освоени награди на републички и меѓународни натпревари, членови на спортски репрезентации на РМ, добиени сертификати за познавање на странски јазици на повисоко ниво и сл.
7. Студентите во државната квота се запишуваат со плаќање надоместок за кофинансирање на студиите, износот утврден во глава I од Конкурсот го плаќаатво денарска противвредност, според средниот курс на НБ на РМ.
   Надоместокот за студирање на студентите од претходниот став, за секоја студиска програма одделно, е составен дел на овој Конкурс. Плаќањето на надоместокот се врши во две еднакви рати. Надоместокот од став 1 на оваа точка студентите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.

8. Ректорската управа донесува посебно Упатство за реализација на Конкурсот.

## IV. Запишување вонредни студенти

1. На одделни студиски програми на факултетите, како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат договор за вработување на неопределено време, како и кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти. За оправдани причини од претходниот став се сметаат: инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата; потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар; родител на дете додека трае породилното отсуство.
2. Вонредните студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.
   Вонредните студенти се запишуваат со кофинансирање на студиите, според износот поднесеноо во табелата број I.

3. При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат договор за вработување на неопределено време, или лекарско уверение за причините наведени во точка 1 став 2 (издадено од Универзитетска поликлиника).

## V. Запишување студенти со кофинансирање на студиите

1. На факултетите, како редовни студенти се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата.

Generated by Foxit PDF Creator © Foxit Software
http://www.foxitsoftware.com For evaluation only.

2. Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот утврден во глава I од Конкурсот го плаќаат во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на РМ на денот на плаќањето, во најмалку две еднакви рати.
3. Факултетот објавува ранг-листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување во оваа категорија. Кандидатите кои се согласуваат да се запишат во оваа категорија студенти, поднесуваат изјава во рок од 24 часа по објавувањето на конечната ранг-листа дека се согласуваат во текот на целокупното студирање да ги кофинансираат студиите.
   Листата на примените кандидати во оваа категорија ја утврдува конкурсната комисија врз основа на ранг-листата и поднесените изјави за согласност за запишување во оваа категорија. Студентите со кофинансирање при запишувањето склучуваат договор со факултетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

## VI. Кандидати со завршено средно образование во странство

### *а) Странски државјани*

1. Странските државјани се запишуваат надвор од квотите утврдени во Конкурсот.
2. Селекцијата на странските државјани кои се пријавуваат за студирање на студиските програми по Општа медицина, Стоматологија, Фармација, Архитектура, Физичка култура, Ликовна, Музичка и Драмска уметност, **се врши со проверка на знаењата и умеењата**.

3. При пријавувањето, кандидатите наведуваат на кој факултет, односно студиска програма сакаат да студираат, дали се стипендисти на својата влада или самостојно ги поднесуваат трошоците на студирањето. Со пријавата поднесуваат свидетелство за завршено средно образование, како и свидетелства за сите класови, заверен превод на изводот од матичната книга на родените, потврда за знаење на македонскиот јазик (издадена од комисија на Универзитетот) и уверение за здравствената состојба (од Универзитетска поликлиника). Странските државјани Свидетелството за завршено средно образование, како и свидетелства за сите класови треба да ги нострифицираат во текот на првата година од студирањето.Кандидатите со завршено средно верско училиште, односно Медресе надвор од Република Македонија не можат да аплицират за упис во Државниот Университет во Тетово.

   Универзитетот организира курс за изучување на албански и македонскиот јазик.

   Школарината за странските државјани во факултетите и во дисперзирани студии, во учебната 2011/12 година изнесува: **200** евра за еден семестар односно 400 евра за една школска година, освен на студиските програми по Општа медицина, Стоматологија и Фармација каде што школарината изнесува **1000** евра за еден семестар односно 2000 евра за една академска година, доколку поинаку не е регулирано со договор за меѓу универзитетска соработка.
   Во оваа категорија студенти припаѓаат и кандидатите странски државјани чии родители или самите тие работат во дипломатските претставништва во Република Македонија.

   Странските државјани го задржуваат истиот статус до дипломирањето.

### б) Иселеници и државјани на РМ со завршено целокупно средно образование и со дел од средното образование во странство

1. Кандидатите чии родители се наши иселеници и кандидатите државјани на РМ, кои **целокупното средно образование** го завршиле во странство се запишуваат надвор од квотата, со кофинансирање на студиите.
2. Селекцијата на кандидатите од точка 1, на студиските програми по Општа медицина, Стоматологија, Фармација, Архитектура, Физичка култура, Ликовна, Музичка и Драмска уметност, **се врши со проверка на знаењата и умеењата**.
3. Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти, во зависност од студиската програма е утврден во глава I од Конкурсот (како за кандидатите од глава V).

Generated by Foxit PDF Creator © Foxit Software
http://www.foxitsoftware.com For evaluation only.

Кандидатите од првиот став можат да се запишуваат и под условите и критериумите утврдени во Конкурсот за кандидатите со завршено средно образование во РМ, во рамките на државната квота. Кандидатите од точка 1, со пријавата, поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование, како и нострифицирани свидетелства за сите класови од средното образование завршени во странство.

4. Кандидатите државјани на РМ кои **дел од средното образование** завршиле во странство и кандидатите со завршена меѓународна матура се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во Република Македонија, со тоа што, покрај другите документи, поднесуваат и нострифицирани свидетелства за делот од средното образование завршено во странство, односно за завршена меѓународна матура.
Овие кандидати се рангираат на посебна ранг-листа, а ќе бидат примени оние кандидати кои ќе освојат бодови најмалку како и последниот примен кандидат во рамките на државната квота на соодветната студиска програма. Бројот на овие кандидати може да изнесува најмногу **10%**, а трошоците за нивното студирање ги поднесува Министерството за образование и наука. Кандидатите кои освоиле бодови најмалку како и последниот кандидат примен во категоријата со кофинансирање на студиите се запишуваат со надоместок за студирање во висина утврдена во глава I од Конкурсот. За кандидатите кои се запишуваат во оваа категорија, со кофинансирање на студиите, се применуваат одредбите од глава V од Конкурсот.

Кандидатите од глава VI се пријавуваат во Ректоратот на Универзитетот, во роковите утврдени со Конкурсот.

**VII. Кандидати со посебни права утврдени според законите на Р.М како и кандидати кои ќе се запишат во дополнителните квоти за запишување на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во РМ.**

1. Бројот на студенти припадници на категориите на лица со посебни права Утврдени според Законот за посебни права на Р.М, се запишуваат во посебна квота (без поднесување на трошоци за студирање), може да изнесува најмногу 10 % од вкупниот број на студенти на ниво на студиска програма.
2. За обезбедување правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, на високообразовните установи на Универзитетот, во учебната 2011/12 година дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број да не е повисок од **10%** од вкупниот број студенти кои се запишуваат во прва година на ниво на факлултет. Во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници, до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Македонија.
